ДО
АКЦИОНЕРИТЕ НА МЗТ ПУМПИ АД Скопје

# ИНФОРМАЦИЈА

за преобразба на Друштвото од АД во ДОО

На Собранието на акционерите одржано на ден 26.06.2017 година, акционерите на Друштвото МЗТ ПУМПИ АД Скопје донесоа Одлука за преобразба на Акционерското друштво МЗТ ПУМПИ АД Скопје, производство и монтажа на пумпи, турбини, хидромеханичка и еколошка опрема Скопје со седиште на улица „Перо Наков“ бр.126 Скопје со ЕМБС 4137906 во Друштво со ограничена одговорност, кое што ќе продолжи да работи во истото седиште во Скопје на улица „Перо Наков“ бр.126 Скопје, под истиот ЕМБС 4137906, како правно лице во форма на Друштво со ограничена одговорност, на начин и услови под кои е запишано во трговскиот регистар.

Согласно член 513 став 3 од Законот за Трговските друштва, на ден 29.06.2017 година, Друштвото објави повик до акционерите да дадат изјава, дали се согласуваат да преземат удели во друштвото што ќе настане со преобразбата врз основа на Одлуката за преобразба на Друштвото.

Акционерите кои ќе дадат изјава дека се согласуваат да учествуваат како содружници во преобразеното друштво, во преобразеното Друштво ќе учествуваат со удел сразмерно со номиналната вредност на нивните акции со кои што учествувале во основната главнина на Друштвото што се преобразило.

Акционерите кои ќе дадат изјава дека не се согласуваат да учествуваат како содружници во преобразеното друштво, Друштвото ќе им ги откупи акциите по цена од 4.900,00 денари за една акција (понудена цена) и по исплатата акционерите ги губат сите права од акциите како и правото да учествуваат во преобразеното Друштво.

Претседател на Управен Одбор

______________________
Љубен Митрески